ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Политичката партија Демократи за предвремените парламентарни избори за изборната кампања 2020 година

**Предмет на ревизија:**
Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, заедно со ревизија на усогласеност

**Цел на ревизијата:**
Дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
- до надлежните институции не е доставен еден од законски предвидените извештаи
- во финансискиот извештај не се искажани приходите и расходите по основ на платено политичко рекламирање, средства кои се исплаќаат преку ДИК по основ на договори за асигнација , истите не се евидентирани во сметководството и на сметката на учесникот во изборната кампања.

**Издадено мислење/заклучок*:**
изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај и со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
- финансирање на изборната кампања да се врши исклучиво од извори на средства предвидени со Изборниот законик и
- добиените услуги на учесникот во изборната кампања за кои плаќа трето лице, да бидат евидентирани како донации за истата.

**Клучни системски слабости:**
Преиспитување/уредување на регулативата за:
- финансирање на изборите со средствата од Буџетот наменети за редовното работење;
- неплатени обврски од изборната сметка и
- претставување на социјалните мрежи.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**

/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk